РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ

AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer. 02-4407/5
20.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на петнаесеттата седница одржана на 20.10.2025 година, во врска со Предлогот Уп1 бр.10-4436/2 од 19.10.2025 година за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд против Трговското радиодифузно друштво Вистел ДООЕЛ Скопје, за прекршување на изборниот молк – Локални избори 2025, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување, бр.10-4436/1 од 19.10.2025 година на Трговското радиодифузно друштво Вистел ДООЕЛ Скопје и поради прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик заклучи да се покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Трговското радиодифузно друштво Вистел ДООЕЛ Скопје.

2. Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, Трговското радиодифузно друштво Вистел ДООЕЛ Скопје, на 19 октомври 2025 година, при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, двапати емитуваше прес-конференција на министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, односно емитуваше изјави од носители на функции во органите на власта.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд против Трговското радиодифузно друштво Вистел ДООЕЛ Штип.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**